BAHN BKK

Во овој документ даваме одговори на најважните прашања во врска со законското здравственото осигурување во Германија и во врска со нашите услуги. Ве известуваме дека нашите медиуми, нашите интернет страни, како и нашиот телефонски сервис се на германски јазик.

1. **Кој подлежи на задолжително осигурување во Германија?**
Вработени кои подлежат на задолжително осигурување кои за прв пат се вработуваат во Германија, можат при вработувањето да се зачленат кај BAHN-BKK.
Вработените кои не подлежат на задолжително осигурувње - односно оние чии што годишни примања ја надминуваат границата на годишното примање, можат доброволно да се зачленат кај BAHN-BKK, кога за прв пат се вработуваат во Германија. Нашата изјава за членство и дополнителните формулари може да ги најдете на нашата интернет страна www.bahn-bkk.de.

2. **Кога можам да ги осигурам и членовите на моето семејство?**
Членовите на BAHN-BKK може да ги осигураат членовите на нивните семејства **бесплатно** доколку се исполнети условите за тоа. Барањето за семејно осигурување може да го симнете на интернет страната на BAHN-BKK.

3. **ГГП и ГОП граница**
Со помош на границата на годишните примања ГГП (2025 = 73.800,00€) се одредува дали спаѓате во групата на лица со задолжително или доброволно здравствено осигурување. Вработени лица кои подлежат на задолжително здравствено осигурување во основ мора да се пријават во законското здравствено осигурување. Границата за одредување на придонесот (ГОП) ја определува горната граница према која треба да се пресметуваат придонесите. Горната граница за 2025 изнесува месечно:

| | |
|---|---|
| ГОП Здравствено и инвалидско осигурувње | 5.512,50 € |
| ГОП Пензиско и инвалидско осигурување | 8.050.00 € |

4. **Како се пресметува придонесот?**
Придонесите генерално се пресметуваат врз основа на бруто платата која подлежи на оданочување, но само до висината на месечната границата за одредување на придонесот. Стапката за придонесите во 2025 процентуално изнесува како следи:

| | |
|---|---|
| Здравствено осигурување: | 14,6 % |
| Дополнителен придонес за ЗО: | 3,4 % |
| Инвалидско осигурување без дете:<br>Инвалидско осигурување со дете: | 4,2%-<br>2,4% |
| Пензиско осигурување: | 18,6 % |
| Осигурување при загуба на работно место. | 2,6 % |

Работодавачот во секој случај ја сноси половината од придонесите кои треба да се уплатат[1]. Вашиот работодавач го задржува износот за придонес од бруто платата и заедно со износот кој тој го сноси го уплаќа во надлежниата агенција.

5. **Кои услуги / третмани се покриени со осигурвањето?**
BAHN-BKK ги превзема сите услуги на кои осигуреникот има законско право и за чие што користење се исполнети условите. Тука спаѓаат лекарски, заболекарски и стационарни третмани, обезбедувањето на медицински производи, лекови и помагала, како и протетика и патни трошоци. Покрај тоа нуди многу дополнителни услуги, таканаречени ЕКСТРА услуги за сите возрасни групи, а особено за семејства. Ве молиме информирајте се на нашата интернет страна.

Секој осигуреник на BAHN-BKK добива електронска BAHN-BKK здравствена

[1] Исклучок: Придонес за инвалидско осигурување за членови без деца како и во покраината Саксонија

картичка. Изведувачите на услигуте, како што се лекари и болници, генерално фактурираат директно кај BAHN-BKK. Покрај тоа

осигурениците добиваат надомест при отсуство од работа, и при отсуство поради бременост и породување, доколку се исполнети соодветните услови.

6. **Дали е можно рефундирање и како?**
   BAHN-BKK како и сите други законски здравствени осигурителни компании во основа работи согалсно принципот на услуги.

   Вие затоа со Вашата електронска здравствена картичка или со лекарски рецепт добивате медицински материјали и услуги. Треба само да извршите плаќање на евентуално предвидениот дополнителен износ, односно на трошоците кои се повисоки од оние за третманите предвидени со закон (на пр. за протетика). Само во некои исклучителни случаи треба да извршите уплата однапред, а потоа трошоците ќе ви бидат рефундирани.

7. **Која е постапката во случај ако треба да се посети лекар специјалист?**
   Генерално во амбулантно-лекарската грижа важи принципот на слободен избор на лекар. За да посетите лекар специјалист само во исклучителни случаи вие е потребен упат од општ лекар (на пр. за радиологија).

   За да може лекарот специјалист да ве прегледа со вашата електронска здравствена картичка тој мора да учествува во законското здравствено осигурување (не смее да биде „приватен лекар“). Доколку ве лекува болнички лекар потребнен ви е лекарски упат (освен во итни случаи).

8. **Алтернативни терапии и превентивни курсеви**
   BAHN-BKK како превентивно осигурвње на своите осигуреници им нуди широка понуда за превенција. Таа вклучува два субвенционирани **курсеви за превенција** (на пр. за физичка активност, справување со стрес или во врска со исхрана) во текот на една календарска година. Поркај тоа, BAHN-BKK го наградува здравиот начин на живот со **здравствениот бонус, младинскиот бонус и мајчиниот бонус** со атрактивна (парична) премија. Преку ЕКСТРА услугите надетски забен пакет или заштитна имунизација за патување, особено се поттикнува индивидуалната превенција.

   BAHN-BKK исто така нуди широк спектар на **алтернативни методи на лекување.** Тука спаѓаат особено лекарски хомеопатски третмани, природни лекови, антропософски лекови, кинезиолошка лента, хиропрактика или остеопатија.

   **Остеопатија:** BAHN-BKK рефундира 80 проценти од фактурираниот износ за остеопатски третмани изведени од страна на лиценциран лекар, физеотерапевт или лекар кој практикува алтернативна медицина, кој што е член на професионална остеопатска асоцијација. Годишно се рефундираат максимално 200 Евра за остеопатски третмани.

9. **„Обврски“ кај законското здравствено осигурување - на пр. годишната посета кај заболекар, предвидените прегледи за деца**
   Секој осигуреник слободно одлучува за своето тело. За деца, адолесценти и возрасни согласно на возраста се препорачуваат одредени прегледи и вакцини, но учеството во секој случај е доброволно.

   **Кои превентивни медицински прегледи постојат (преветивен преглед за рано откривање на рак, систематски преглед)?**
   - Од 35 годишна возраст: на секои 3 години: општ превентивен медицински преглед („систематски преглед“)
   - Од 16 години: на секои 2 години: скрининг за рак на кожата
   - Прегледи за рано откривње на рак кои се соодветни на полот и возрастта:
     - Жени од 20 годишна возраст: Годишен преглед за рано откривање на рак на матката, јајоводите и јајниците
     - Жени од 30 годишна возраст: Дополнително годишен преглед за рано откривање со напипување на градите и лимфните жлезди
     - Жени на возраст од 50 до 70 години: Рентгенски преглед на градите

(мамографски скрининг) на секои две години

- Мажи на возраст над 45 години: Годишен преглед за рано откривање на рак на дебелото црево, кожа, простата и тестиси.
- Мажи и жени над 50 годишна возраст: Скрининг за рак на дебело црево во различни интервали за брз тест и ендоскопија.

Дополнително постојат и голем број на превентивни перки за бремени жени. BAHN-BKK исто така поддржува рано откривање на рак на гради преку дополнителната понуда „disovering hands“ (раце кои откриваат) при што слеп медицински персонал со напипување открива и најмали промени.

**Услугите се загаранитрани - дури за време на викенд!**

Ви стоиме на распоалагање секој ден од
8 до 20 часот. И тоа бесплатно
0800 22 46 255

**www.bahn-bkk.de**

BAHN BKK